Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________
_______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 444 –та итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 2023 година**

Седницата се одржа на ден 08.06.2023 година – четврток во салата за седници со почеток од 11 часот.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Мирјана Радевска Стефкова**, Член на Советот
- **Ханиф Зендели**, Член на Советот
- **Зоран Герасимовски**, Член на Советот
- **Мери Радевска,** Член на Советот
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот
- **М-р Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Мирсад Суроји**, Член на Советот
- **Весна Дамева,** Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, Заменик претседател и член на Советот

Отсутни членови – уредно поканети:

- **Кренар Лога**, Министер за правда
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд – членови на Советот по функција и
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, Член на Советот, користи денови од годишен одмор

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, Генерален секратар
- **Медиа Шаќири**, Советник
- **Александра Шоптрајанова, Самостоен Референт**

Седницата е отворена за јавноста и на неа присуствуваа:

- **Претставници од невладиниот сектор**
- **Новинари**

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Сашко Георгиев, откако констатира дека се исполнети законските услови за одржување на истата.

Во продолжение откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 444-та седница.

1. Констатирање на престанок на мандатот на 2 (двајца) членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија, по нивно барање;

2. Избор на заменик претседател на Судскиот совет на Република Северна Македонија и

3. Разно.

## Точка 1

Констатирање на престанок на мандатот на 2 (двајца) членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија, по нивно барање;

Претседателот на Советот, Сашко Георгиев по однос на поднесените оставки им даде збор на членовите на Судскиот совет на РСМ, Мирјана Радевска Стефкова и Зоран Герасимовски.

Членот на Советот- **Мирјана Радевска Стефкова** истакна дека дава оставка како член во Судскиот совет на РСМ, во писмена форма, а како причини за оставката ги изложи следните: Пред се моето кандидирање за оваа функција да бидам член на овој Судски совет во РСМ беше со цел за своето долгогодишно искуство во работата како судија да придонесам во остварувањето на основните надлежности на Судскиот совет а тоа според мене заштитата на независноста и самостојноста на судиите како и постапките за избор и унапредување на судиите во повисоките судови со почитување на сите законски одредби од Законот за судови, Законот за Судски совет и подзаконските акти. Сметав и сметам дека Советот како орган на судството треба да покаже дека претставува брана и заштита на судиите од било какви внатрешни и надворешни влијанија и притисоци во нивното работење како и унапредувањето на судиите е тесно поврзано и треба да биде резултат на покажана независност, интегритет, достоинство на носителите на судските функции и кои што покажале висок степен на професионална компетентност. Откога сум член на Судскиот совет од неполна година значи имаше определени моменти кога јас се најдов со определени развидувања во однос на завземените ставови на Судскиот совет тоа е накратко ќе наведам одбивањето на Судскиот совет да ги достави списите до Врховен суд по изјавени жалби од страна на судии разрешени од Советот што не требаше така да се одлучи, потоа првите постапки кои што беа водени од страна на Судскиот совет во однос на избор на судии во повисок суд со примена на новиот закон за Судски совет и подзаконските акти како што беше изборот на судии во Апелационен суд Гостивар и избор на судии во Врховниот суд во кривичната област каде што сметам дека Советот со тоа што не избра Судии во највисокиот суд од кривична област како и со тоа што избра судии во Апелационен суд Гостивар со непочитување на ранг листата без било какво образложение е нетранспарентна постапка бидејќи сметам дека дака Советот треба да биде отчетен во носењето на своите одлуки односно за се да даде образложение, потоа следеше седницата од 26.04. 2023 година кога дојде до разрешување на тогашниот Претседател на Судскиот совет што според мене како одлука е незаконита, тоа беше разгледувано од страна на овој Судски совет потоа и закажаните работни состаноци како и наредните одржувани седници на кои што таа одлука се стави вон сила, се прифатија аргументите кои што беа изразени од повеќе членови на Судскиот совет, меѓутоа и во тоа донесување на таа одлука мене ми пречеше што таа одлука како што видов е дадена без образложение затоа што сметам дека Судскиот совет сите свои одлуки треба да ги образложува. Како последно, состојбите помеѓу човечките односи што се нарушија во овој Судски совет и мислам дека претставува пречка за едно нормално функционирање и остварување на функциите што се надевам со сето што е детално образложено во мојата писмена оставка

мислам дека ќе биде предмет разгледување од овој Судски совет за понатамошно подобрување на состојбите и подобро работење.

**Членот на Советот-Зоран Герасимовски** истакна дека дава оставка во Судскиот совет на РСМ, во писмена форма, и наведе мојата оставка е доста кратка дека и јас исто како колешката заедно ги поднесовме овие оставки барање за престанок на мандатот како член на Судскиот совет, имено како судија со долгогодишно работно искуство во Основниот суд во Тетово 2018 година и во Апелациониот суд во Скопје сметам дека имам релевантно познавање на проблемите со кои се соочуват судиите во текот на секојдневното работење, се пријавив и бев избран за член на Судскиот совет на која функција гледав како предизвик но истовремено и обврска за мој придонес во подбрување на лошата состојба која се наоѓа судството. Дојдов со определена идеологија, но во текот на овие девет месеци откако сум член наидов на некои идеолошки несогласувања со дел од членовите на Судскиот совет, а имајќи ги и во предвид последните превирања за кои не е никаква тајна на кои што и Вие сте сведоци во Судскиот совет, сметам дека треба да си поднесам оставка од проста причина што сметам дека поголем придонес ќе дадам како судија во Апелациониот суд Скопје во време кога истите се натрупани со предмети отколку како член на Судскиот совет.

Сакам да додадам уште кратко дека иако јас и колешката даваме оставки и се враќаме таму од каде што дојдовме сметам дека овој состав на Судскиот совет има капацитет да се справи со сите предизвици со кои што стојат пред истиот и работите да ги доведат односно Судскиот совет да го доведат онаму каде што му е местото.

За збор се јави **Весна Дамева членот на Советот** и истакна дека нема свое мислење и нема што да каже бидејќи не сака да се доведе во ситуација и да коментира оставка која е личен чин на секого од членовите, но упати благодарност до двајцата колеги во Советот, почитувани судии со интегритет и им посака успешна понатамошна успешна судиска кариера.

**Претседателот на Советот, Сашко Георгиев** согласно погоре изложеното констатира дека се донесени следните решенија

**Р Е Ш Е Н И Е**

На **Мирјана Радевска Стефкова,** член на Судскиот совет на Република Северна Македонија и престанува мандатот на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија, по сопствено барање, заклучно со 08.06.2023 година.

**Р Е Ш Е Н И Е**

На **Зоран Герасимовски,** член на Судскиот совет на Република Северна Македонија му престанува мандатот на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија, по сопствено барање, заклучно со 08.06.2023 година.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** предложи да се донесе одлука за објавување оглас за избор на двајца нови членови, едниот од редот на Врховен суд на РСМ, а другиот од редот на Апелационен суд Скопје и

предлогот го стави на гласање. По гласањето констатира дека со 10 гласа ,,За" е донесена следната

О Д Л У К А

ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС За избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:
- 1 (еден) член од редот на судиите од апелационо подрачје Скопје и
- 1 (еден) член од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека е потребно да се формира и комисија за кандидатски листи, по што по ждребањето констатира дека е донесена следната

**О Д Л У К А**

Се формира КОМИСИЈА за подготовка на кандидатски листи, во состав од:

- Ханиф Зендели – претседател на Комисијата;
- Мери Радевска– член на Комисијата и
- Павлина Црвенковска– член на Комисијата.

**Точка 2**
**Донесување на одлука за избор на заменик претседатен на Судскиот совет на РСМ**

**Претседателот на Советот, Сашко Георгиев** ја отвори втората точка од дневниот ред и истакна дека согласно чл. 8 став 3 од Законот за Судски совет е предвидено дека Претседателот на Советот и неговиот Заменик се избираат од редот на членовите на Советот со тоа што од месец март 2023 година, Уставниот суд ја укина одредбата каде што беше ограничувањето во овој дел од членот дека претходно можеше Претседател и Заменик претседател да биде само од редовите од колегите членови кои што се избрани од Собранието а беше ограничување за Претседател и Заменик претседател да биде избран од редот на судиите, како резултат на тоа сега немаме ограничување во делот за избор на Претседател и Заменик претседател на Советот да бидат од редот на судиите, така што само наведе дека согласно ст.4 од погоре наведениот член, Претседателот на Советот и неговиот Заменик се избираат со најмалку 8 гласови од членовите кои имат право на глас.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** му даде збор на **членот на Советот Ивица Николовски**

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна: кај мене постои силна надеж дека овој Судски совет има капацитет има енергија има знаење да продолжи во иднина основните функции и задачи да ги извршува одговорно отчетно и транспарентно. Ако се движиме во таа насока ние треба денеска да го

решиме ова прашање со избор на Заменик претседател на Судскиот Советот и го предлагам колегата Ханиф Зендели од причини од своето убедување како долгогодишен судија, еден период беше и Апелационен судија исто така колегата Ханиф Зендели беше Претседател на суд од два мандати, овие негови придобивки мене ми дават надеж дека располага и со стекнати знаења и со доволно искуство во менаџирањето како Претседател во релациите и комуникации претседател на суд. Исто така колегата Ханиф Зендели како член на Судски совет е избран од редот на судиите е подолг период е присутен во Судскиот совет што имал секаква можност дополнително да го збогати своето искуство во решавањето на потребите и проблемите поврзани со судството. Ако ова прашање со овој мој предлог тогаш ние добиваме и ја искористуваме законската можност, како што рече и Претседателот, ќе го раководат Судскиот совет, двајцата колеги и предлогот Ханиф Зендели да биде Заменик претседател на Судскиот совет мене ми дава надеж дека Судскиот совет во иднина ќе постапува активно, објективно, ефикасно, одговорно и транспарентно во извршување на своите функции во рамките на своите работи.

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна и мисли дека не е задолжителен овој дел затоа што сите имаме различни причини зошто подржавме Ханиф Зендели да биде Заменик претседател, меѓутоа ако треба тоа јавно да го кажам ќе се обидам иако не знам да кажам завиткано во целофан, зошто е тоа така и морам јасно да кажам дека се наоѓаме во специфичен период за Судскиот совет, за угледот на Судскиот совет онаков каков што по кој е донесен. Се наоѓаме во многу тежок период за судството кој едвај функционира со екстремно мал број на судии а огромен број на предмети. Во овој момент на Судскиот совет и на судството му треба едно тело кое ќе може да функционира овој период, од тие причини сметам дека единствено решение со оглед да и други колеги беа прашани дали сакат да бидат заменици и не дадоа согласност, морам да кажам дека Ханиф Зендели ги има оние кфалитети како човек и како стручно лице што се потребни за да биде некој заменик .

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори расправа и за збор се јави М-р Миљазим Мустафа.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** истакна дека го подржува предлогот за избор на Заменик претседател да биде колегата Ханиф Зендели.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** му даде збор на Ханиф Зендели.

**Членот на Советот- Ханиф Зендели** се заблагодари за поддршката и истакна дека знае каква е состојбата и би можеле заедно да постигнат резултати, да направат чекори кои доликуваат на Судскиот совет, да донесат мудри паметни и добри одлуки и треба да чекораат кон тоа што им е обврска.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот за Заменик претседател да биде избран Ханиф Зендели. По гласањето констатира дека со 9 гласа ,,За“ и 1 глас ,, Против“ е донесена следната

**О Д Л У К А**

За заменик претседател на Судскиот совет на Република Северна Македонија е избран Ханиф Зендели, член на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

**Претседателот** отвори расправа и констстира дека членовите на Советот се произнесоа по изборот на заменик претседателот.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и истиот се заблагодари за предлогот за избор на заменик Претседатен на Советот и истиот истакна дека ќе даде голем придонес за доброто на Советот.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на последната точка од Дневниот ред – Разно.

**Точка 3**
**Разно**

Претседателот на Советот Сашко Георгиев истакна дека Стручната служба во Судскиот совет од утре најавува штрајк за нивното незадоволство, тука во овој дел како Претседател очекува и од колегите им упати апел дека тоа не зависи од нив, тоа зависи од состојбите каде што мора да се интервенира многу брзо и многу итно за да се реши овој проблем во однос на додатоците на исплата на платите за стручната служба бидејќи без нив не само ние како Судски совет, но генерално судството ќе има застој и ќе имаме реален проблем. Користи прилика да упати апел дека овие работи треба да ги решат системски како проблем за да може да се очекуваат резултати и во делот на некои услови за работа ги повика надлежните да си го решат тоа како проблем.

Се констатира дека седницата заврши во 12.00 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Сашко Георгиев**

Изработил: Медиа Шаќири
Одобрил: Весна Толева